# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.150 од 02.09.2015 година)**

**Член 1**

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15 и 116/15) во членот 77 став (1) во воведната реченица зборовите: „3000 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“

**Член 2**

Во членот 78 став (1) во воведната реченица зборовите: „2.000 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“

**Член 3**

Во членот 79 став (1) во воведната реченица зборовите: „1.500 до“ се бришат.“

Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“

Во ставот (3) запирката пред бројот „10“ и бројот „10“ се бришат.

**Член 4**

Во членот 79-а во ставот (1) зборовите: „на физичко или“ се бришат.

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако постапи спротивно на член 58 став (8) на овој закон.

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „ставот 1“ се заменуваат со зборовите „ставовите 1 и 2“.

Ставовите (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (4), (5), (6) и (7).

**Член 5**

Членот 80 се менува и гласи:

„(1) За прекршоците од членот 78 став (1) точки 4, 5, 6, 7, 8 и 9 и членот 79 став (1) точки 2, 3, 4, 6 и 9 на овој закон инспекторите за патишта од членот 68 на овој закон можат да му издадат мандатен платен налог во износ од 400 евра во денарска противвредност на службеното лице во правното лице.

(2) За прекршоците од членот 78 став (1) точки 4, 6, 7 и 9 и членот 79 став (1) точки 2 и 4 на овој закон инспекторите за патишта можат да му издадат мандатен платен налог во износ од 200 евра во денарска противвредност на физичко лице.

(3) За прекршокот од членот 79 став (1) точка 10 од овој закон инспекторите за патишта и униформираниот полициски службеник можат да му издадат мандатен платен налог во износ од 200 евра во денарска противвредност на физичко лице.

(4) Инспекторите од членот 68 на овој закон, државните комунални инспектори и униформираните полициски службеници се должни да водат евиденција за издадените мандантни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(5) Во евиденцијата од ставот (4) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на мандантниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(6) Личните податоци од ставот (4) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(7) Формата и содржината на мандатниот платен налог ги пропишува министерот за транспорт и врски.“

**Член 6**

Членот 81 се брише.

**Член 7**

Членот 81-а се менува и гласи:

„(1) За прекршоците од членовите 77, 78 став (1) точки 1, 2 и 3, член 79 став (1) точки 1, 5, 7 и 8 на овој закон, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна, постапка, инспекторот од членот 68 на овој закон ќе спроведе постапка за порамнување. Доколку сторителот го признае прекршокот инспекторот на сторителот ќе му издаде прекршочен платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потписот на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати предвидената глоба.

(2) Сторителот на прекршоците од ставот (1) на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметка означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во дадениот рок, ќе плати само половина од изречената глоба утврдена во платниот налог.

(3) Ако сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член не ја плати глобата во рокот определен во ставот (2) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд односно пред Комисија за водење на прекршочна постапка (во натамошниот текст: Комисијата) формирана од министерот за транспорт и врски.

(4) Комисијата е составена од два члена и претседател.

(5) Членовите на Комисијата треба да имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку две години, а претседателот треба да е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку четири години.

(6) Против решението на Комисијата може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку прекршочниот орган до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

(7) Инспекторите од членот 68 на овој закон се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

(8) Во евиденцијата од ставот (8) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на мандантниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(9) Личните податоци од ставот (8) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(10) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за транспорт и врски.“

**Член 8**

По членот 81-а се додава нов член 81-б кој гласи:

„Член 81-б

Одмерување на висината на глобите на правните лица се врши согласно одредбите од Законот за прекршоци.“

**Член 9**

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 10**

Се овластува Законодавно правната комисија при Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст од Законот за јавните патишта.

**Член 11**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.